Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) и член 34 став 1 алинеа 7 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден .12.2022 година, донесе :

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, (број на основниот акт 01-439/2 од 06.10.2020 година, број 01-66/2 од 12.02.2021 година, број 01-66/5 од 29.04.2021 година, број 01-66/8 од 13.12.2021 година и 01-461/7 од 14.09.2022 година) и тоа:

**Член 2**

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 4. Сектор за управно-правни и општи работи, на работното место 12. "Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи ", Шифра УПР 01 01 Б02 000, во делот Други посебни услови, се додаваат зборовите : "Положен правосуден испит".

**Член 3**

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 4. Сектор за управно-правни и општи работи, работното место 13. "Помошник раководител на Сектор за управно-правни и општи работи", Шифра УПР 01 01 Б03 000, во делот Други посебни услови, се додаваат зборовите:"Положен правосуден испит".

**Член 4**

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 5. Сектор за соработка, транспарентност и едукација, 5.2. Одделение за соработка и анализи, на работното место 33. "Раководител на Одделение за соработка и анализи", Шифра УПР 01 01 Б04 000, во делот вид на образование, наместо зборовите "Политички науки, јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите "Хуманистички науки и уметности ".

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës per qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 01-461/12
21.12 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**